**Општа дефиниција на корисник**

Како корисници на средствата за инвестициони проекти по мерка 302 може да се јават:

1. **Земјоделски стопанства** запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој чии носители се:
   а) Физичко лице овластено да го застапува семејното земјоделско стопанство
   б) Индивидуален земјоделец
   в) Правно лице
2. **Трговски друштва или Трговци поединци** регистрирани во Централниот регистар во рангот на микро и мали претпријатија во согласност со Препораката на ЕК 2003/361 со седиште во рурални средини или регистрирани подружница во рурална средина. Критериум за рангирање на предпријатијата во согласност со Препораката на ЕК 2003/361 се бројот на вработени и годишниот промет и се представени во табелата подоле.

| Категорија | Број на вработени | Годишен промет |
|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони |

   Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА СООДВЕТНАТА ГОДИНА" издаден од Централен Регистар на Република Македонија

   Ново формираните претпријатија ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со очекуваната големина изразена во Бизнис планот или Техничкиот предлог проект.

3. **Занаетчии** регистрирани во Регистарот на Занаетчии во согласност со Законот за вршење на занаетчиска дејност и за вршење на занаетчиски дејности кои задолжително се вршат во затворени простории со седиште во руралната средини.
4. **Замјоделски Задруги** регистрирани во Централниот регистар со седиште во руралната средина

***Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. од физичко во правно лице).***

**Општи услови за корисници**

– Одговорното лице/Управителот на правното лице, кој го застапува правното лице во постапката пред Агенцијата, треба да е во редовен работен однос во правно лице кое се јавува како барател на финансиската поддршка или да е ангажиран со договор не пократок од времетраењето на Договорот за финансиска поддршка.

– Барателот треба да има регистрирано седиште во руралната средина и инвестицијата да е лоцирана во рурална средина. Листата на рурални средини е наведена во **Сл.**

**Весник Бр. 89/2011, а може и да се превземе од веб-страната на Агенцијата [www.pa.gov.mk](http://www.pa.gov.mk)**

- Барателот кој поднесува проекти со очекувани приходи над 2.000.000,00 денари, задолжително треба да се регистрира како ДДВ обврзник
- Барателот мора да демонстрира континуитет на работењето во текот на најмалку пет години по реализација на инвестицијата.
    - За проекти кои имаат вкупни прифатливи трошоци **под € 50.000** можностите за вработување и финансиската одржливост мора да се демонстрира преку **Технички Предлог Проектот**. Истиот представува поедноставена верзија на деловен план преку кој што барателот ке ги представи расходите и приходите од инвестицијата и ке ја покаже економската одржливост на инвестицијата. Упатството за изработка на Техничкиот Предлог Проект може да се превземе од веб страната на Агенцијата. www.pa.gov.mk
    - За проекти кои имаат вкупни прифатливи трошоци **над 50.000 €** економско-финансиската одржливост и можност за вработување во руралните средини треба да се демонстрира преку **Деловен План**;
- Одговорното лице/Управителот на претпријатието/ претставник на земјоделското стопанство треба да докаже минимум средно образование или високо образование со диплома / сертификат
    - За корисниците поврзани со руралниот туризам, ќе се применуваат барањата во националното законодавство за угостителство и безбедност на храна;
    - За корисниците поврзани со преработка на храна ќе се применуваат барањата во националното законодавство за безбедност на храна
    - За корисниците поврзани со собирање на шумски производи ќе се применуваат одредбите од националното законодавство за шуми
    - За корисниците поврзани со вршење на занаети ќе се применуваат условите од националното законодавство за вршење на занаетчиска дејност
- Да достави три споредливи понуди со техничка спецификација од независни понудувачи за секоја поединечна набавка на стоки и услуги, доколку вредноста на поединечната ставка изнесува повеќе од 10.000 евра во денарска противвредност, или една понуда од независен понудувач со техничка спецификација за секоја поединечна набавка на стоки и услуги, доколку вредноста е под 10.000 евра во денарска противвредност или
- За инвестиции кои вклучуваат градба барателот треба да обезбеди три споредливи понуди со техничка спецификација која одговара на предмер пресметка во проектната документација прибавени од независни понудувачи кои имаат овластувања согласно закон за изведување на градежни работи кои изнесуваат повеќе од 10.000 евра во денарска противвредност, или една понуда со техничка спецификација која одговара на предмер пресметка во проектната документација прибавена од понудувач кој има овластување за изведување на градежни работи , доколку градежните работи изнесуваат помалку од 10.000 евра во денарска противвредност
- Да достави изјава за потекло на стоките, услугите и материјалите содржани во понудите прибавени од производителот или добавувачот

- Да достави доказ дека е сопственик на објектот или има договор за закуп на објектот за минимум од 5 години во случај на инвестиции кои вклучуваат само набавка на опрема. Во случај кога барателот ја изнајмува градбата која е предмет на инвестиција за изградба или доколку се работи за инвестиции во изградба на нови објекти, барателот треба да докаже сопственост или право на користење од најмалку 10 години.
- Во случај на градежни работи на земјоделско земјиште, барателот треба да поседува Одобрение за градење на земјоделско земјиште согласно Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр 135/2007,бр.18/2011, бр. 42/2011, бр.148/2011, 95/2012)
- Во случај на изградба или реконструкција на објект на градежно земјиште, барателот треба да поседува Одобрение за градење/реконструкција согласно Законот за градење (Сл. Весник на Република Македонија, бр.39/2012)
- Во случај кога банката има востановено залог на недвижен имот кој е предмет на инвестиција барателот треба да обезбеди Доказ за редовно измирени обврски кон соодветната банка по основ на договор за кредит.
- Барателот треба да ги има подмирено сите доспеани обврски во однос на даноци и придонеси за здравствено, пензиско и социјално осигурување.
- Барателот треба да ги има подмирено сите обврски кон Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство по основ на склучени договори
- Барателот кој поднесува барање за некоја од инвестициите во мерка 302 е должен да обезбеди записник од Државен инспекторат за труд за исполнување на обврските од областа на безбедност и здравје при работа.
- Барателот е должен да достави согласност/решение за одобрен елаборат за оценка на влијането врз животната средина или Дозвола за Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето (ИСКЗ дозвола) (доказ дека поднел барање за издавање на ИЗКЗ дозвола) прибавено од Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина или Единицата на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа инвестицијата.
- Барателот треба да докаже усогласеност на проектот со Стратегијата за локален развој на општината во која се наоѓа инвестицијата. Доколку општината сѐ уште нема донесено Стратегијата за локален развој во времето на поднесувањето на барањето, барателот треба да го елаборира во рамките на Техничкиот предлог проект / Бизнис план за придонесот на инвестицијата кон локалниот економски развој на општина во која се наоѓа инвестицијата.
- За документите кои потврдуваат исполнување на стандардите од областа на безбедност на храна, ветеринарно јавно здравство и благосостојба на животните, АФПЗРР ги прибавува по службена должност од Агенцијата за храна и ветеринарство.
- Во случај на инвестиции во екстракција на есенцијални масла за козметички цели документите кои потврдуваат исполнување на стандардите од областа на козметички производи се прибавува од Министерство за здравство